**ЗАПИСНИК**
**од деветтата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 29.04.2022 година**

На деветтата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 12 часот присуствуваа 18 членови на Советот : Патрик Матх, Миле Атанасов, Ѓорге Попов, Билјана Демерџиева, Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Виктор Кралев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов од вкупно 19 членови колку што брои Советот. .

Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: **Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија , Мима Станоевска претставник од Центарот за развој на Југоисточен плански регион, Димитар Дојчинов вработен во општината, Катерина Ризова вработена во општината, Марија Танева директор на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Ирена Томчева вработена во општината, Ѓорги Милков директор на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" , Петар Ташевски претседател на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Павле Биков вработен во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија ,Раско Чочков директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и Трајко Арџанлиев претставник на општината.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување, Претседателот на Совет ја отвори деветтата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот на Совет го стави записникот од осмата седница на разгледување.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави на гласање записникот од осмата седица и **Советот едногласно го усвои.**

За работа на деветтата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Југоисточен плански регион за 2021 година,

2.Предлог-Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2021 година,

3.Предлог-Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2021 година,

4.Предлог-Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за реонизација на општинските основни училишта на територијата на Општина Гевгелија,

5.Предлог-Решение за запишување на ученици во I година средно образование во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија во 2022/2023 год.

6.Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2022 година,

7.Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијатива за Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци – Блок 5, општина Гевгелија (барател: ДПТУ "ДОРЛЕНД" ДООЕЛ од с.Прдејци),

8.Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополнување на Детален Урбанистички план за дел од блок 10.2, општина Гевгелија (барател: "МАКПЕТРОЛ" ДООЕЛ од Скопје),

9.Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Изменување и дополнување на дел од Блок (Блок 1,2,3,4,5,6 и 7) од Урбанистички план за село Богородица, КО Богородица - општина Гевгелија (барател: Васил Јанкулов од Гевгелија),

10.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Гевгелија за 2022 година,

11.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2022 година,

12.Предлог-Препорака за зголемена полициска контрола на патниот правец Смоквица-Прдејци,

13.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот финансов план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" за 2022 година,

14.Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија за 2021 година,

15.Предлог-Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2022 година,

16.Предлог-Решение за давање согласност на финансиски извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2021г. – 31.12.2021 год,

17.Предлог-Решение за давање согласност на Годишна завршна сметка на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2021 година,

18.Предлог-Решение за давање согласност на Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2021 година,

19.Предлог-Решение за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Ивана Чабулева),

20.Предлог-Решение за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,

21.Предлог-Решение за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Тодор Ѓоков),

22.Предлог-Решение за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,

23.Предлог-Решение за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Сава Чурлинова-Костова),

24.Предлог-Решение за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,

25.Предлог-Решение за разрешување на член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија (Кристина Бичанин),

26.Предлог-Решение за именување на член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија (директор Васка Јанчев),

27.Информација за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија, (од ЈЗУ Општа болница-Гевгелија),

28.Информација за одржаниот туристички саем во Белград, Р.Србија, на кој Општина Гевгелија зеде учество заедно со општините Дојран, Охрид и Демир Капија.

29.Советнички прашања.

По барање на градоначалникот како предлагач од Дневен ред се повлекуваат точките под реден број 10 Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Гевгелија за 2022 година и 11 Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2022 година а по барање на надлежните комисии точката под реден број 27 Информација за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија (од ЈЗУ Општа болница-Гевгелија) исто така се повлекува од Дневен ред.

Претседателот на Совет отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Тодор Ристов член на Совет-**Во делот на точките 10 и 11 бидејќи предлагач е градоначалникот има право да ги симне од Дневен ред меѓутоа по точката 27 ќе мора Советот да се изјасни за нејзино симнувње од Дневен ред.Предлог на комисиите е дека заради некомплетна доставена информцција од страна на надлежните институции сметаме дека таа точка е несоодветна и увредлива за советниците и сметам дека таквите точки не треба да доаѓаат на седница и тоа беше едногласно мислење на сите членови на Советот.Како потсетување треба да се видат записниците од претходните години кога се дискутира по оваа точка за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во

општина Гевгелија ,  општината треба да се обрати до сите надлежни институции кој што имаат допирна точка со оваа прпоблематика и да се обезбеди информација од сите соодветно на нивните надлежности.Мислам дека тогаш ќе ни биде комплетна информацијата и ќе може да се разгледува на седеница на Совет.Како претседател на Комисијата за статут и прописи а и во име на сите комисии кои што работевме заедно предлагам оваа точка да се симне од Дневен ред.

**Петар Апостолов член на Совет**-Барам да се симне од Дневен ред точката под реден број 14 Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија за 2021 година бидејќи неможеме да усвојуваме Предлог-Заклучок ако Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата самиот констатира дека програмата не ја остварил заради КОВИД кризата.

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот и **Советот со 12 гласа за и 6 воздржани  го усвои.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Дневниот ред со измените и **Советот едногласно го усвои.**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1**. **Предлог-Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Југоисточен плански регион за 2021 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Југоисточен плански регион за 2021 година

**Во расправата по точките учествуваа: Мима Станоевска претставник од Центарот за развој на Југоисточен плански регион,Петар Апостолов ,Миле Атанасов,Ѓорге Попов,Патрик Матх членови на Советот , Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Југоисточен плански регион за 2021 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 2**. **Предлог-Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките под реден број 2 и 3.

**Во расправата по точките учествуваа: Димитар Дојчинов вработен во општината и Тодор Ристов , Ѓорге Попов и Томе Ќичуков членови на Советот .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2021 година  и **Советот со 17 гласа за и 1 воздржан го усвои .**

**Точка 3. Предлог-Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на

општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 17 гласа за и 1 воздржан го усвои.**

**Точка 4. Предлог-Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за реонизација на општинските основни училишта на територијата на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за реонизација на општинските основни училишта на територијата на Општина Гевгелија

**Во расправата по точките учествуваа: Катерина Ризова вработена во општината, Елена Хаџи-Николова,Тодор Ристов,Томе Ќичуков, Александар Пандовски членови на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за реонизација на општинските основни училишта на територијата на Општина Гевгелија и **Советот со 12 гласа за и 5 воздржани ја усвои .**

**Точка 5. Предлог-Решение за запишување на ученици во I година средно образование во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија во 2022/2023 год.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за запишување на ученици во I година средно образование во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија во 2022/2023 год.

**Во расправата по точките учествуваа: Марија Танева директор на СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија , Александар Пандовски член на Советот .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за запишување на ученици во I година средно образование во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија во 2022/2023 год и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 6. Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точките учествуваа: Марија Танева директор на СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија , Билјана Демерџиева,Сашко Стојиловски,Тодор Ристов членови на Советот .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2022 година и **Советот со 12 гласа за и 6 воздржани го усвои .**

**Точка 7. Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијатива за Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци – Блок 5, општина Гевгелија (барател: ДПТУ "ДОРЛЕНД" ДООЕЛ од с.Прдејци).**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките под реден број 7,8 и 9.

**Во расправата по точките учествуваа:Ирена Томчева вработена во општината ,Виктор Кралев,Сашко Јанчев членови на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за прифаќање на Иницијатива за Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци – Блок 5, општина Гевгелија (барател: ДПТУ "ДОРЛЕНД" ДООЕЛ од с.Прдејци) и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 8. Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополнување на Детален Урбанистички план за дел од блок 10.2, општина Гевгелија (барател: "МАКПЕТРОЛ" ДООЕЛ од Скопје).**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополнување на Детален Урбанистички план за дел од блок 10.2, општина Гевгелија (барател: "МАКПЕТРОЛ" ДООЕЛ од Скопје) и **Советот со 16 гласа за , 1 воздржан и 1 против го усвои .**

**Точка 9. Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Изменување и дополнување на дел од Блок (Блок 1,2,3,4,5,6 и 7) од Урбанистички план за село Богородица, КО Богородица - општина Гевгелија (барател: Васил Јанкулов од Гевгелија).**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Изменување и дополнување на дел од Блок (Блок 1,2,3,4,5,6 и 7) од Урбанистички план за село Богородица, КО Богородица - општина Гевгелија (барател: Васил Јанкулов од Гевгелија) и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 12. Предлог-Препорака за зголемена полициска контрола на патниот правец Смоквица-Прдејци.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Препораката за зголемена полициска контрола на патниот правец Смоквица-Прдејци.

**Во расправата по точката учествуваа:Сашко Стојиловски ,Петар Апостолов,Тодор Ристов,Томе Ќичуков,Ѓорге Попов,Златко Митров членови на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Препораката за зголемена полициска контрола на патниот правец Смоквица-Прдејци и **Советот со 11 гласа за и 6 воздржани ја усвои .**

**Точка 13. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот финансов план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Годишниот финансов план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа:Ѓорги Милков директор на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" , Ѓорге Попов член на Советот .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот финансов план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" за 2022 година и **Советот со 12 гласа за и 5 воздржани го усвои .**

**Точка 15. Предлог-Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа:Петар Ташевски претседател на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата,Надица Ристовски и Ѓорге Попов членови на Советот .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 11 гласа за и 5 воздржани го усвои .**

**Точка 16. Предлог-Решение за давање согласност на финансиски извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2021г. – 31.12.2021 год.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките под реден број 16,17 и 18.

**Во расправата по точките учествуваа:Павле Биков вработен во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија ,Раско Чочков директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија ,Елизабета Сивова,Виктор Кралев,Томе Ќичуков,Ѓорге Попов,Петар Апостолов и Тодор Ристов членови на Советот .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на финансиски извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2021г. – 31.12.2021 год и **Советот со 13 гласа за и 2 не гласале заради судир на интереси го усвои .**

**Точка 17.Предлог-Решение за давање согласност на Годишна завршна сметка на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишната завршна сметка на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2021 година и **Советот со 14 гласа за и 2 не гласале заради судир на интереси го усвои .**

**Точка 18. Предлог-Решение за давање согласност на Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2021 година и **Советот со 14 гласа за и 2 не гласале заради судир на интереси го усвои .**

**Точка 19. Предлог-Решение за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Ивана Чабулева).**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Ивана Чабулева).

**Во расправата по точката учествуваа:Сашко Стојиловски .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Ивана Чабулева) и **Советот со 14 гласа за, 2 воздржани и 2 не гласале заради судир на интереси го усвои .**

**Точка 20. Предлог-Решение за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решение за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија

**Во расправата по точката учествуваа:Сашко Стојиловски ,Миле Атанасов членови на Советот .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и **Советот со 9 гласа за ,6 против , 1 воздржан и 2 не гласале заради судир на интереси не го усвои .**

**Точка 21. Предлог-Решение за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Тодор Ѓоков).**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Тодор Ѓоков)

**Во расправата по точката учествуваа:** Сашко Стојиловски претседател на Комисијата за именување предлага од член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење да се разрешат лицата Тодор Ѓоков и Сава Чурлинова-Костова а да се именуваат лицата Дејан Костиќ и Ивана Андонова.

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Тодор Ѓоков) и **Советот со 14 гласа за, 2 воздржани и 2 не гласале заради судир на интереси го усвои .**

**Точка 22. Предлог-Решение за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија

**Во расправата по точката учествуваа:Сашко Стојиловски член на Советот .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и **Советот со 9 гласа за ,6 против , 1 воздржан и 2 не гласале заради судир на интереси не го усвои .**

**Точка 23. Предлог-Решение за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Сава Чурлинова-Костова)**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Сава Чурлинова-Костова),

**Во расправата по точката учествуваа:Сашко Стојиловски член на Советот .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија (Сава Чурлинова-Костова),и **Советот со 14 гласа за, 2 воздржани и 2 не гласале заради судир на интереси го усвои .**

**Точка 24. Предлог-Решение за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.

**Во расправата по точката учествуваа:Сашко Стојиловски член на Советот .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за именување член на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и **Советот со 9 гласа за ,5 против , 2 воздржани и 2 не гласале заради судир на интереси не го усвои .**

**Точка 25. Предлог-Решение за разрешување на член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија (Кристина Бичанин).**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување на член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија (Кристина Бичанин).

**Во расправата по точката учествуваа:**Сашко Стојиловски претседател на Комисијата за именување предлага од член да се разреши лицето Кристина Бичанин а да се именува лицето Васка Јанчев.

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување на член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија (Кристина Бичанин) и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 26. Предлог-Решение за именување на член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија (директор Васка Јанчев).**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за именување на член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија (директор Васка Јанчев).

**Во расправата по точката учествуваа:Сашко Стојиловски член на Советот .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за именување на член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија (директор Васка Јанчев) и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 28. Информација за одржаниот туристички саем во Белград, Р.Србија, на кој Општина Гевгелија зеде учество заедно со општините Дојран, Охрид и Демир Капија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Информацијата за одржаниот туристички саем во Белград, Р.Србија, на кој Општина Гевгелија зеде учество заедно со општините Дојран, Охрид и Демир Капија.

**Во расправата по точката учествуваа:Трајко Арџанлиев претставник на општината,Билјана Демерџиева,Тодор Ристов,Елена Хаџи-Николова членови на Совет,Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија.**

**Точка 29. Советнички прашања**

**- Елена Хаџи-Николова член на Совет**

На сите ни е познат метежот на сообраќај на улицата од кај градинката до Здравствениот дом ,улиците се тесни,има безброј паркирани коли а најголемата гужва настанува кога ќе заглави возилото на Итната медицинска помош.Прашањето ми е дали имате решение за решавање на овој проблем?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

Најпрво беше поднесено барање до МВР да се започне иницијатива да се направи едносмерна но откако не известија дека сообраќајно решение неможе да се направи да биде едносмерна до делот кај што завршува на север барав друго решение и можеби најдобар предлог е од еден сообраќајен инжинер во моментот да се поставаат ступчиња на белата линија и во тој случај немаме да имаме повеќе паркирања од левата страна.

**- Виктор Кралев член на Совет**

Дали се завршени цементирањето на приватните сокаци во населено место Моин и дали се планира да се цементираат јавни улици и сокаци во Моин што ќе се стимулира понатамошниот раст и развој на оваа населено место.

Гледам дека во последно време се извршуваат градежни активности на стриот градски пазар а знаеме дека по планот таму е предвидено изградба на градски парк па прашањето ми е дали е започната изградба на парк или се гради нешто друго за кое што нема согласност и зошто општинската администрација не реагира навремено?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

Во делот околу Моин само да ве известам дека изведбените работи во училиштето надзорот не ги одобри и во моментот од страна на Општина Гевгелија е поднесена кривична пријава за изведувачот а за прочестителна станица не се сеќавам да е направена.Околу улиците ,Моин е многу малку одалечено од Гевгелија и сметам дека е потребно да се асфалтираат и други улици но во моментот на последната седница на Југоисточниот регион најбитно за ова населено место е што помина проектот за реконструкција на младинскиот дом и беа одобрени 11 милиони денари и мислам дека ќе биде од огромна важност за ова населено место.

Во делот на градскиот пазар по урбанистичкиот план е предвидено бетонскиот зид од пазарот да биде тротоар и од таа причин во нсредниот период ќе се гради на таа улица тротоар што ќе придонесе за зголемување на безбедноста на граѓаните.

**- Сашко Јанчев член на Совет**

Дали во учебната 2020/2021 година или во тековната година од Министерството за образование и наука на сметката на Општина Гевгелија се пуштени пари за прекувремениот труд на тие наставници кои што имаа прекувремена работа во општинските училишта за време на КОВИД кризата.

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

Исплатата на плати на наставниците се одвива преку бгок дотации и не верувам дека има пристигнато плус финансиски средства но ќе го проверам овој податок.

**- Слаѓана Саменковска член на Совет**

-Дали се планира еден поинаков начин на регулурање на сообраќајниот метеж односно воведување на зонско паркирање кој ќе придонесе за драстично намалување на метежот.

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

-Мојот став го знаете и сметам дека за решавање на проблемот во централното подрачје е поставување на катна гража и сметам дека најсоодветна локација ќе беше стариот пазар и се направи грешка кога се направи измена на планот каде што таа парцела се намени за парк.Околу зонското паркирање претходниот Совет има донесено одлука  исто така имаме и готов проект за зонско паркирање па веќе кога ќе имаме повторно прилив на грчки туристи и кога ќе се создаде потреба преку анкети јавни презентации и слично ќе го испитаме јавното мислење па ако има потеба ќе го воведеме зонското паркирање.

**- Тодор Ристов член на Совет**

-Дали сите ангажирани вработени под договор за дело во детската градинка примаат исти надоместоци во зависност од работното место кој го обавуваат дали е воспитач,неговател или примаат различен надоместок во однос на регуларно вработените лица на истото тоа работно место од причина што во изминатите четири години сите тие вработени примаа соодветен надоместок колку што

примаат и редовно вработените .Имам неофицијални сознанија дека има отстапувања од тоа но сепак би сакал Градоначалникот да ни одговори дали е тоа така ?

Дали сите вработени за месец Март примија минимална плата колку што е согласно законот?

-Второто прашање се однесува на амандманите кои ни беа прифатени од страна на Градоначалникот а тоа се однесува на амандманите за субвенции за купување на велосипеди и доделување на стипендии за студенти кои ќе се запишат на машински и електро факултет па прашањето ми е зошто сеуште немаме јавен повик за субвенции на велосипеди и јавен повик за стипендии ?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

-Ситуацијата која што беше со високата цена за електрична енергија не ми дозволи да објавам огласи са субвенции и стипендирање се со цел да се стабилизира ситуацијата неколку месеци.Ситуацијата веќе е стабилна и пред две недели на службите од финансии им беше дадена задача да ја подготват одлуката за субвенционирање на велосипеди и за брзо време ќе се објави.Во делот со детската градинка во моментот има единаесет вработени со договор на дело за да може да функционира градинката ,на почетокот и тука беа намалени приходите на сите само заради ситуацијата што беше со високите сметки за електрична енергија и во наредниот период ќе им се вратат на сите во нормала месечните примања.

Во однос на новите измени за минимална плата од денес веќе се прават новите пресметки за плата според измените на законот и уште за овој месец платите ќе бидат исплатени според новите измени .

**- Петар Апостолов член на Совет**

-Кога се планира да се започне да се гради Младинскиот дом во село Моин 2022 или 2023 година?

-Дали господине Градоначалник размислувате за поставување на wi-fi точки за пристап до бесплатен интернет најпрво во населените места Негорци,Миравци и Богородица како поголеми населени места а покасно и во помалите населени места затоа што сметам дека оваа инвестиција не е скапа само треба да постои желба за да се реализира?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

-Не зависи тоа веќе од нас како локална самоуправа може да биде крајот на 2022 но моја претпоставка е дека ќе се започне почетокот на 2023 година.

-Веќе се остварени средби за да се покрие со wi-fi голем дел од градот ,ќе видиме кои ќе бидат понудите колкави се ,дали ќе треба тендерска постапка и одкако ќе се увидат сите детали се планира да се спроведе .

**- Надица Ристовски член на Совет**

-Многу битен дел за развој на нашата општина се Урбанистичките планови ,на колку Урбанистички планови се работи во моментот?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

-Во изминатиот период на една од седниците беше донесен планот за Блок 16 а има започнато што ги наследив во процедура уште единаесет плана .Сите

урбанистички планови се активни и се работи на нив.Еднаш неделно сум во Министерството за транспорт и врски бидејќи знаеме дека е тешко да се носат планови но мислам дека со упорна работа оваа година ќе бидат донесени барем уште два до три урбанистички плана особено урбанистичкиот план за Блок 12 кој што е од големо значање за општината.

**- Миле Атанасов член на Совет**

До каде е изградбата на западен булевар и зошто е застанато со градежни работи ?

Дали и кога надзорниот одбор на Детската градинка ќе биде разрешен?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

-Во делот на западен булевар ,изградбата не е прекината процесот на експропријација е завршен .Сега се оди на реализација на следните фази како што се водовода и канализациона мрежа,горен строј-асфалтирање и електрично осветлување.Во моментот се бараат решенија да се обезбедат средства и мислам дека почетокот на Септември ќе се започне со долниот строј ,ни требаат некаде околу 1.650.000 евра за целосна реализација на овој проект.

-Во делот на детската градинка одземени се надлежностите на општината само околу завршната сметка и не се целосно одземени а во делот на носењето на завршната сметка Градоначалникот нема надлежност имаат надлежност надзорниот одбор,управниот одбор и Советот.Во однос на прашањето за разрешување на членовите само ќе потенцирам дека за разрешување и именување на членовите на надзорен одбор одлучува Советот.

**- Сашко Проданов член на Совет**

-За време на предизборната кампања ветивте дека ќе се гумираат четири игралишта дали се планираат за оваа година и ако се планираат дали ќе се реализираат?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

При донесуваето на Буџетот за оваа година беше предвидено гумирање на едно игралиште но земајќи ја во предвид и донацијата од Австрија Казинс што беше помината од претходниот состав на Советот оваа година се планира да се гумираат две игралишта во Гевгелија.

**- Елизабета Сивова член на Совет**

-Моето прашање е исто и како пред четири месеци,кои се вашите планови во иднина ,начинот на справување и дали имате дефинирано временска рамка за решавање на проблемот со кучињата скитници?

-Кога е рокот на завршување на активностите за поставување на оптички кабел,бидејќи на раскрсницата помеѓу улиците Таља Бикова и Слободан Митров Данко стои ископан јаз и е оштетена а улицата е со голема фрекфренција и граѓаните трпат материјално финасиски штети и веќе повеќе од два месеци се соочуваат со проблем при користање на истите улици?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

-Се планира изградба на стационар до објектот што се наоѓа до прочестителната станица и во моментот се изработува нова систематизација во Комуналец да има нова единица стационар за бездомни кулиња.

-Околу оптичкиот кабел незнам кога ќе завршат градежните активности но првпт слушам од вас за искршени автомобили до нас во општината досега нема никој се пожалено.

**- Сашко Стојиловски член на Совет**

-Дали планирате да преземете одредени мерки за реконструкција на фудбалскиот стадион во Миравци се со цел да го вратиме ова фудбалско здание во нормална кондиција ?

-Дали планирате во околните села да се преземат одредени инфраструктурни зафати како што се бетонирање и асфалтирање на улици?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

-Во последниот период се обновија и се одржуваат редовно фудбалските стадиони во Гевгелија и во Мрзенци заради активностите на ФК Кожуф но во наредниот период ќе се посвети внимание и на овој стадион во Миравци исто така се планира да се ангажира и лице кој редовно ќе го одржува.

-Во населените места се планира со градежни активности палнирано е асфалтирање на улици во Давидово и канализација во Милетково.

**- Билјана Демерџиева член на Совет**

-Бидејќи во прогамата имаме изградба на градски парк прашањето е кога планирате,која ви е временска рамка ,каде планирате да се прави градскиот парк и дали имате веќе проекти и план за негова изградба?

-Кога ќе започне со работа новата депонија и кога ќе се затвори старата кажети ги плановите и проектите ,временската рамка ?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

-Веќе е добиена за новата депонија Б интегрирана дозвола со што потврдува дека ги исполнува сите технички законски услови за почеток со работа и во најкраток рок и официјално ќе се започне со отпочнување со работа на новата депонија.

-Околу изградба на паркот се ќе зависи од решавање на проблемот со сообраќајниот хаос па ќе видиме дали ќе дојде до промена на урбанистилчкиот план или не.

**- Андријана Бегова член на Совет**

-Во предизборната кампања беше потенцирано дека се планирани два проекти во Богородица и тоа поставување на систем за топло-ладно грење во основното училиште како и реконструкција на објектот Винијуг дали планирате да реализирате некој од овие проекти во 2022 година?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

-Во моментот се работи за намалување на потрошувачката на енергија и зголемена енергетска ефикасност ,се планира изнаогање на решение .

**- Александар Пандовски член на Совет**

-Дали имате план за воспоставување на редовен линиски превоз за Миравци и околните села?

-Дали може да ми дадедете информација дали е започнат процесот на преземање на водоводот во населено место Габорово од страна на ЈПКД Комуналец, до каде е и колкави би биле трошоците?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

-Околу водоводот во Габрово извршена е микробиолошка анализа на водата и во моментот се расчистува теренот за да се отпочне со поставување на цевки.

-Околу линискиот превоз ,тој е голем проблем остварив средби и со администрацијата и со превозниците и се надевам дека ќе изнајдеме решение за решавање на овој проблем.

**- Златко Митров член на Совет**

Кога ќе се започне со изградбата на новата водоводна линија во Негорци и Прдејци ?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

Во текот на месец Мај ќе се започне со изградбата ,во тек е процесот на експропријација.

**- Ѓорге Попов член на Совет**

-Дали е возможно во наредниот период да се обноват зелените површини односно двете места за рекреација кои се наоѓаат на улица Гоце Делчев кои на времето беа доста посетени места од граѓаните и децата ?

- **Андон Сарамандов Градоначалник на општина Гевгелија**

-Да планирано е и најпрво ќе се обнови паркот позади Астора од причина што таму имаме згради и најпрво во целиот град ќе се обноват парковите каде што има згради а потоа ќе се обноват и останатите.

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори деветтата седница на Советот на Општина Гевгелија

| | |
|---|---|
| **Записничар,** | **Претседател** |
| **Благој Картов** | **на Совет на Општина Гевгелија** |
| | **Патрик Матх** |